28397

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НАРОДЕН ГЛАС
Прилеп
11. XII. 1981, 459, 5



# Изложба на прилепските уметници

Повеќе години, дел од ликовниот живот во градот претставува традиционалната ликовна изложба, по повод Денот на Републиката, на членовите на Друштвото на ликовните уметници од нашава Општина, која според се би трабало да значи пресек на творештвото во изминатата година.

Токму заради тоа, а и заради стимулирање на ликовното творештво, пред четири години беше востановена наградата „29 Ноември" за најдобро ликовно остварување на прилепски уметник во текот на годината, која требаше да прерасне во значајно општествено признание. Прв добитник на оваа награда е Ѓорѓи Ачески, ја имаат добиено Кирил Гегоски и Васил Костов, а годинава му е доделена на Слободан Михајлоски. Минатата година со одлука на Друштвото, востановено е и признание за долгогодишна работа и заслуга на полето на ликовната уметност и ликовната педагогија. Во 1980 му е доделена на Кирил Миноски, а годинава на Јордан Паноски — Моцо.

На традиционалната ликовна изложба што е отворена во изложбениот салон на Домот на културата „Марко Цепенков" претсавени се 23 автори со 44 експонати од кои 7 скулптури. Делата се работени во најразлични техники и не се тематски определени. Иако, несомнено ќе го привлече вниманието на љубителите на ликовната уметност, сепак се чини дека таа не е најадекватното претставување, а тоа е пред се резултат на стихијноста на организирањето, не мање зацртана концепција и неселективност на делата.

Поточно, на изложбата покрај професионалните творци излагаат и аматери и љубетели на ликовната уметност. Притоа, не постои селекција, така што евидентни се и такви изложени дела кои не заслужуваат да бидат претставени пред јавноста, односно ги немаат потребните ликовни квалитети. Ова секако мошне влијае за комплетниот впечаток на ова ликовна манифестација, која мошне изгубува од своето значење бидејќи заедничка изложба подразбира и интегритет во смисла на изедначен или приближен квалитет на делата.

Чиниме дека една ваква концепција на Друштвото на ликовните уметници при организирањето на оваа изложба, што е започната пред 11 години, и има традиција, не е најсоодветна и не ги донесува на показ вистинските вредности.

Т. К.